РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец ноември 2020

Декември, 2020

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 4

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 4

Јавни набавки ..... 4

Реализација на буџет ..... 5

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец ноември 2020 година примени се 93 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрено е 1 барање, објавени се 90 огласи, за вкупно 189 работни места за вкупно 197 извршители. За институциите од централната власт објавени се 46 јавни огласи за 87 работни места со 94 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 44 јавни огласи за 102 работни места со 103 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | Вкупно | Институции од централната власт | | | | | Институции од локалната власт | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 93 | 1 | 90 | | 46 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 44 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 189 | | 13 | 46 | 28 | 87 | | 8 | 55 | 39 | 102 |
| Извршители | | | 197 | | 13 | 46 | 35 | 94 | | 8 | 56 | 39 | 103 |
| Број на пријавени кандидати | | | 1522 | | 51 | 720 | 259 | 1030 | | 34 | 352 | 106 | 492 |
| Завршиле со објавување на Одлука за избор | | | 27 | 7 | / | 25 | 7 | 32 | 20 | 8 | 33 | 8 | 49 |

*Табела 1. Јавни огласи ноември 2020*

Во истиот период ноември 2020 година спроведени се 58 административни селекции за пријавени 1450 кандидати, спроведени се 36 испити на кои што се поканети 350 кандидати, од кои полагале 170 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 28 огласи за 220 кандидати. Интервју е спроведено на 28 огласи со вкупно 148 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 27 огласи и предлог за избор на 124 кандидати, а од 27 спроведени огласи објавени се вкупно 81 одлуки за избор на кандидати за вработување.

| Административни селекции | | Спроведени Испити | | | Спроведени проверки на веродостојност на докази | | Интервјуа | | Конечни ранг листи | | Примени и објавени Одлуки за избор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| огласи | кандидати | огласи | кандидати поканети | кандидати полагале | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати | огласи | кандидати |
| 58 | 1450 | 36 | 350 | 170 | 28 | 220 | 28 | 148 | 27 | 124 | 27 | 81 |

*Табела 2. Спроведени активности по огласи ноември 2020*

Во Агенцијата за администрација во месец ноември 2020 година примени се 20 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 20 огласи, за вкупно 64 работни места за 64 извршители. За институциите од централната власт објавени се 11 интерни огласи за 42 работни места со 42 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 9 интерни огласи за 22 работни места со 22 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| 20 | / | 20 | | 11 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | 9 | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| Работни места | | | 64 | | 12 | 12 | 10 | 42 | | 8 | 11 | 3 | 22 |
| Извршители | | | 64 | | 15 | 17 | 10 | 42 | | 8 | 11 | 3 | 22 |

*Табела 3. Интерни огласи ноември 2020*

# Испит за административно управување

Во текот на месец ноември 2020 година спроведени се 8 испити за административно управување на кои се пријавиле 102 кандидати. Од нив на испитот се појавија 43 кандидати од кои испитот го положиле 33 кандидати (77%), а не го положиле 10 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени, 63 се вработени во јавен сектор, 11 во приватен сектор, додека 23 од пријавените кандидати биле невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 102 | 43 | 33 | 10 | 63 | 11 | 23 |

*Табела 4. Административно управување ноември 2020*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец ноември 2020 година, беа поднесени 40 жалби, од кои 33 се од државни и 7 се од јавни службеници.

Во тековниот месец беа одржани 6 седници во просториите на Агенцијата за администрација. Изработени се 6 записници по одржаните седници. Обработени се вкупно 35 жалби. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 15 предмети оформени во месец ноември 2020 година преминуваат во месец декември 2020 година.

Од вкупниот број на обработените жалби и приговори за месец ноември 2020 година од државните службеници, уважени 10, одбиени 11, отфрлени 2 како недозволени, 2 се повлечени од подносител и 1 жалба е мериторно уважена.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници, уважени се 3 жалби, одбиени 4, мериторно одбиена 1 и отфрлена како недозволена е 1 жалба.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Не надлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 33 | 7 | 26 | 9 | 10 | 3 | 11 | 4 | 2 | 1 | / | / | 2 | / | / | / | 1 | / | / | 1 | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во ноември 2020*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец ноември 2020 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 9 предмети кои се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови и други, и тоа: Државно правобранителство на Република Северна Македонија - Велес (2); Управен суд (1); Министерство за информатичко општество и администрација (1); Општина Лозово (1); Општина Струга (1); Административни службеници (3).

Вработени од Агенцијата во текот на месец ноември 2020 година присуствуваа на обука на тема:

-Присуство на онлајн обука преку веб апликација на тема:„Законски измени од областа на сметководството, даноците и работните односи“, реализирана обука на 05.11.2020 година, Економско правен консалтинг ФБ-Скопје.

-Присуство на онлајн обука преку веб апликација на тема „Мотивација на вработени“, реализирана на 19.11.2020 година, Стопанска комора, Скопје.

-Присуство на онлајн обука преку веб апликација на тема „Обврски на работодавачите по однос на исплаќање на надоместоци на плата поради боледување, паузи и одмори и трошоци поврзани со работењето“, реализирана на 20.11.2020 година, Стопанска комора, Скопје.

# Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се 38 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 32 е одговорено, а за 6 електронски пораки во тек е подготовката на одговорите.

# Јавни набавки

Во текот на месец ноември 2020 година, донесена е 1 Одлука за избор и склучен е 1 договор во износ од 50.492,00 денари без ДДВ, односно 54.900,00 денари со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| / | / | 1 | 1 |

*Табела 6. Јавни набавки ноември 2020*

# Реализација на буџет

Во месец ноември 2020 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2020 година | Реализација на буџетот до 30.11.2020 | Реализација на буџетот од 01.11.2020 – 30.11.2020 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2020 |
|---|---|---|---|---|
| **401- основни плати** | 23.375.000,00 | 21.090.066,00 | 1.894.350,00 | 2.284.934,00 |
| **402-придонеси за социјално осигурување** | 9.015.000,00 | 8.191.821,00 | 736.698,00 | 823.179,00 |
| **420-патни и дневни расходи** | 120.000,00 | 17.000,00 | 0 | 103.000,00 |
| **421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | 1.979.000,00 | 1.601.004,00 | 102.169,00 | 377.996,00 |
| **423-материјали и ситен инвентар** | 530.000,00 | 437.349,00 | 114.810,00 | 92.651,00 |
| **424-поправки и тековно одржување** | 1.720.000,00 | 1.179.377,00 | 191.453,00 | 540.623,00 |
| **425-договорни услуги** | 1.754.000,00 | 1.240.197,00 | 40.414,00 | 513.803,00 |
| **426-други тековни расходи** | 390.000,00 | 243.700,00 | 32.360,00 | 146.300,00 |
| **464-разни трансфери** | 140.000,00 | 103.541,00 | 0 | 36.459,00 |
| **480-купување на опрема и машини** | 1.425.000,00 | 0 | 0 | 1.425.000,00 |
| **483-купување на мебел** | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **485-вложување и нефинансиски средства** | 2.500.000,00 | 897.691,00 | 99.225,00 | 1.602.309,00 |
| 486-купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ВКУПНО | 42.948.000,00 | 35.001.746,00 | 3.211.479,00 | 7.946.254,00 |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*